**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-173/4**
**Скопје,20.10.2023 година**

Записник од осумдесет и шеста седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 20.10.2023 година.

Присутни:
г. Душица Думитриеска -Претседател на Советот
г.Ицет Мемети – Заменик претседател
г. Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г.Љубомир Јовески член
г. Антонио Јолевски член
г. Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесет и шесттата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1 Усвојување на записникот од 85 (осумдесет и петта ) седница на Советот.
2 Разгледување и оценување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола.
3 Разгледување и оценување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар.
4 Разгледување на предлог измена на Етичкиот кодекс на јавните обвинители.
5 Разгледување на информацијата од МВР-Биро за јавна безбедност на РСМ
6 Разно

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја отвори 86-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред.

Пред да биде изгласан дневниот ред збор зема г-дин Антонио Јолевски и побара точките еден и четири да бидат симнати од дневен ред за оваа седница од причина што го нема добиено записникот од 85та седница, а во однос на точката четири од дневниот ред кажа дека од големо значење се измените во Етичкиот кодекс и предложи да се даде уште малку простор истиот да биде доразгледан и да се конкретизираат дефинициите за Етичкиот кодекс кои треба да бидат изменети.

Предлогот на членот на Советот г-дин Антонио Јолевски едногласно беше поддржан од страна на членовите на Советот.

Вака изменетиот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Се помина на точката два од дневниот ред, Разгледување на Годишните извештаи за работата на јавните обвинителства од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола како и на ВЈО Битола. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола, г-дин Пецо Везироски во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола, и тоа со извештаите на ОЈО Битола, ОЈО Прилеп, ОЈО Охрид, ОЈО Струга како и со Годишниот извештај на ВЈО Битола за 2022 година. Кажа дека Годишниот извештај предходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, како и на секој член од Советот на запознавање и разгледување, по што го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола, и со бројките на примени и сработени и заостанати предмети во 2022 година, сето тоа искажано во бројки и проценти. Воедно истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола за извештајната 2022 година постапувале професионално и стручно.

Откако ЈО на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски заврши со излагањето на годишните извештаи за јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари за опсежното излагање на годишниот извештај, отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред, и им даде збор на координаторите во Советот за подрачјето на ВЈО Битола.

Г-дин Иџет Мемети ја напушти седницата од оправдани причини.

Член на Советот се заблагодари за исцрпното излагање на Годишниот извештај од страна на ВЈО г-дин Пецо Везироски и во својата дискусија кажа дека детално биле презентирани состојбите во јавните обвинителства од тоа подрачје. Во својата констатација на извештајот истакна дека има некои технички грешки при изнесување на податоци и смета дека истите треба да бидат корегирани и исправени. Како општа констатација искажа дека има намалување на пријавени лица за 8,5% во однос на извештајната 2021 година, и тоа во сите јавни обвинитества од ова подрачје освен во ОЈО Ресен. Како забелешка го потенцираше малиот процент на решени пријави, каде што кажа дека предничат ОЈО Охрид и ОЈО Прилеп и воедно постави прашање кои мерки треба да се преземат за подобрување на состојбите. Исто така, имаше забелешка и во поглед на потребните известувања каде смета дека има пасивност кај јавните обвинители во тој дел. Укажа на податокот дека има недоволна примена на членовите 43 и 44 од ЗКП, малиот број на склучени спогодби и јавни седници за кои кажа дека нема податоци.

Во поглед на извештајот за ВЈО Битола кажа дека јавните обвинители ажурно постапувале во 2022 година, што е за пофалба и покрај тоа што ова јавно обвинителство не е целосно пополнето со јавно обвинителски кадар.

Јавниот обвинител г-дин Пецо Везироски кажа дека минатата година во ОЈО Прилеп постапувале само двајца јавни обвинители и смета дека поради тие причини овој процент на нерешени пријави е висок. За останатите забелешки кажа дека ќе бидат земени во предвид, а со цел да се оди кон подобрување на состојбите во сите основни јавни обвинителства во однос на сите параметри за кои има забелешка од страна на координаторите во Советот.

Член на Советот укажа на некои технички грешки во извештајот и смета дека истите би требало да се корегираат и отстранат. Даде забелешка во однос на малиот процент на отфрлени кривични пријави по членовите 43 и 44 и смета дека требаат повеќе да се применуваат на целото подрачје, и воедно даде забелешка и на високиот процент на запрени истраги каде што предничат ОЈО Охрид и ОЈО Струга.

Јавниот обвинител г-дин Пецо Везироски се сложи со искажаните забелешки, а во однос на високиот процент на запрени истраги во ОЈО Охрид и ОЈО Струга, кажа дека во моментот нема информации на што се должи таквата состојба.

Член на Советот се осврна на институтот апсолутна застареност, и го потенцираше ОЈО Охрид и воедно постави прашање како е можно 28 предмети да застарат и дали тоа е резултат на работата на еден јавен обвинител кој веќе е разрешен од функцијата јавен обвинител. Воедно даде забелешка во делот на конфискација каде како што забележал нема ниту една.

Јавниот обвинител г-дин Пецо Везироски претпоставува дека е можно и да станува збор за предмет со повеќе обвинети каде во ОЈО Охрид имало такви предмети. Во однос на конфискацијата кажа дека и на семинарите кои се одржуваат укажувано е да се оди почесто со институтот конфискација но сепак потешко се одвива оваа мерка.

Г-дин Антонио Јолевски во своето излагање кажа дека како прво недостасува вовед во Годишниот извештај, кој би помогнал во констатацијата на состојбите со кои се соочуваат јавните обвинителства од ова подрачје. Во однос на примената на членовите 43 и 44 од ЗКП, истакна дека отсекогаш ВЈО Битола внимавало на опортунитетот за да не се оди на штета на легалитетот. Предложи и понатаму да се охрабруваат јавните обвинители за да ги применуваат овие членови од ЗКП. Во однос на застарените предмети кажа дека тоа се должи на неажурното работење на некои јавни обвинители. Даде забелешка во однос на бројот на притвори колку се до 30 дена, до 60 дена и 90 дена, кажа дека нема таков податок. Имаше забелешка и во однос на склучените спогодби каде што кажа дека бројката не одговара, во поглед на запрените истраги предложи да се преиспита бројката. Воедно укажа на надлежноста на основните јавни обвинителства при постапувањето по кривичните предмети поради проблемот со недостатокот на јавно обвинителскиот и судскиот кадар. Посебно го истакна проблемот со отстапувањето на предмети од ОЈО Прилеп во ОЈО Битола, поради доставувањето на предметите во ОС Битола, што доведува до тоа ОЈО Прилеп да работи само поедноставни предмети. Предложи ВЈО Битола да ја применува одредбата од чл.29 ст.3 од ЗЈО.

Јавниот обвинител г-дин Пецо Везироски кажа дека ќе бидат земени предвид истакнатите забелешки, а во однос на надлежноста каде станува збор за посложени кривични дела кажа дека ВЈО Битола води сметка и веќе има план кои обвинителства ќе бидат надлежни за постапување по тие кривичните дела.

Член на Советот истакна дека Годишниот извештај на ВЈО Битола за 2022 година го поддржува и кажа дека јавниот обвинител детално го има изложено пред Советот од што можело да се види дека одредени податоци заслужувале и подетална анализа и дека Советот тешко дека ќе може нешто да преземе во тој правец, туку се остава на ВЈО Битола, одредените прашања да ги реши или изнајде соодветни решенија преку вршењето на контроли врз работата на основните јавни обвинителства од ова подрачје. Воедно кажа дека позитивно го оценува извештајот и покрај сосстојбата со намалениот број на јавни обвинители во јавните обвинителства од ова подрачје тие со успешност ја извршувале функцијата и се надева дека во следниот период овие јавни обвинителства ќе бидат изложени на големи предизвици, но и покрај тоа укажа дека несмее да постои голема бројка на нерешени предмети и апелираше дека со постојните јавни обвинители треба да се изнајде начин за совладување на приливот на нови предмети. Во однос со ситуација која ќе се случи во ОЈО Ресен, кога ова јавно обвинителство од месец јануари 2024 година ќе остане без јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија предложи за во иднина да се оди со времено упатување на јавен обвинител во тоа јавно обвинителство, до избор на јавен обвинител. За состојбите во ОЈО Охрид и ОЈО Струга, смета дека нема доволен ангажман од страна на јавните обвинители.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска се согласи со искажаното од страна на колегите и воедно кажа дека има забелешки на извештајот во поглед на формата и содржината, кажа дека за некои податоци има противречности. Постави прашање во однос на примената на членот 275 од ЗКП, со оглед на тоа дека не видела таков податок во извештајот, а кој се однесува на постапувањето на јавните обвинители согласно роковите за постапување по кривичните пријави.

Јавниот обвинител г-дин Пецо Везироски кажа дека при секоја контрола го напоменува и укажува на тој член од ЗКП, но кажа дека тешко се применува.

Откако никој не се јави за дискусија ЈО на ВЈО Битола г-дин Пеце Везироски ја напушти седницата, по што членовите на Советот гласаа за усвојување на Годишниот извештај на ВЈО Битола и на Основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот, ги разгледа и позитивно ги оцени Годишните извештаи на ВЈО Битола, ОЈО Битола, ОЈО Прилеп, ОЈО Охрид и ОЈО Струга за 2022 година, со констатација Годишнит извештај биде корегиран и дополнет со искажаните забешешките од страна на членивите на Советот на јавните обвинители на РСМ.**

Се помина на точката три од дневниот ред разгледување и оценување на Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збот на јавниот обвинител на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Гостивар, г-дин Фаик Арлани во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар, и тоа со извештаите на ОЈО Гостивар, ОЈО Тетово, ОЈО Кичево, и ОЈО Дебар како и со Годишниот извештај на ВЈО Гостивар за 2022 година. Кажа дека Годишниот извештај бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, како и на секој член од Советот на запознавање и разгледување, до Јавното обвинителство на РСМ и до сите Виши јавни обвинителства во РСМ. Воедно детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар, со структурата на криминалот во јавните обвинителство од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети во 2022 година, сето тоа искажано во бројки и проценти. Воедно истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар за извештајната 2022 година постапувале професионално и стручно.

Член на Советот се повика на надлежноста на Советот, пропишана со член 9 алинеја 13 од Закон за советот на јавните обвинители, каде е предвидено дека Советот ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства. Согласно член 9 алинеја 5 од истата одредба, Советот ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оцената за нивната работа согласно со Законот за јавното обвинителство. Секое јавно обвинителство изготвува извештај за својата работа. Пониското јавно обвинителство извештајот го доставува до непосредно повисокото јавно обвинителство. Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, изготвува единствен годишен извештај за работа на сите јавни обвинителства, кој меѓу другото го доставува на разгледување до Советот на јавните обвинители. Советот не ја оценува работата на јавните обвинители, и тоа оценување е регулирано со одредбите од член 35 до 53 од Законот за јавното обвинителство. Од тие причини при разгледувањето на извештајот на ВЈО Гостивар нема да се впуштам во поединости, како на пример дали доволно е применета одредбата од член 43 од ЗКП или лично бидејќи тоа го ценат повисоките јавни обвинителства при редовните контроли.

По разгледувањето на извештајот за работата на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар за 2022 година, сметам дека истиот ја прикажува во сублимиран вид работата на тие јавни обвинителства искажана низ текст , табели и статистички податоци и во однос на истиот немам забелешки.

Факт е дека јавните обвинителства од ова подрачје во текот на 2022 година се соочуваа со недостаток на јавни обвинители, стручен кадар и лоши просторни

услови. По однос на јавните обвинители оваа година проблемот делумно се надмина со избор на нови јавни обвинители од редот на Академијата, но треба да се работи на натамошно подобрување на просторните услови за работа и доекипирање. Тоа се услови за подобри квантитативни и квалитативни резултати во работењето.
Укажа на работа која произлегува од записниците доставени до Советот, од ЈОРСМ и ВЈО Гостивар дека при извршените редовни контроли во ОЈО Гостивар се констатирани по случаен избор на предмети, недостатоци во изреките на обвиненијата, за која состојба треба да преземат мерки повисоките надлежни обвинителства, како истите би се надминале и навремено поправиле, и истите да не се одразат на евентуално зголемување на негативни резултати на работата на јавното обвинителство за следниот извештај за 2023 година.

Член на Советот се заблагодари на опширната презентација на извештајот за 2022 година. Воедно се согласи со колегата Влатко Георгиевски , смета дека извештајот ги содржи сите битни елементи, дека се опфатени сите области кои би требало да бидат опфатени во еден годишен извештај. Воедно даде забелешка, која се однесува на констатирањето од страна на ВЈО Гостивар за определени недостатоци и дава укажувања на постапувањата од месец јули 2023 година, и во рамките на надлежностите на ВЈО Гостивар запраша дали се превземени некакви дејствија. Воедно кажа дека го подржува Годишниот извештај и ќе гласа за негово усвојување.
Член на Советот го подржи Годишниот извештај за 2023 годиуна на ВЈО Гостивар, каде како што кажа за разлика од извештајот на ВЈО Битола, тука има поразлични податоци и дека со совладување на нов прилив на предмети се движи кон границата и во наредниот период смета дека и тој проблем ќе биде надминат и ќе доминираат решените предмети. Воедно кажа дека во 2023 година извршен е избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства како и Основен јавен обвинител на ОЈО Гостивар и смета дека би требало состојбите да се подобрат со совладување на предметите. Смета дека има потреба и од подобрување на просторни услови за работа каде го посочи проблемот во ОЈО Тетово.

Г-дин Антонио Јолевски се задржа на техничкиот дел и имаше забелешки во делот на кривичното гонење, бројката по лица и смета дека треба да има мала корекција во тој дел. Во делот на отфрлени кривични пријави во ОЈО Кичево смета дека би требало да се изврши проверка на што се должи таа висока бројка. Постави прашање и во големиот број на уважени жалби на решенијата за отфрлање како и за бројот на јавни седници. Смета дека големиот број на уважени жалби укажува на слабиот квалитет на решенијата Воедно позитивно го оцени Годишниот извештај на ВЈО Гостивар за 2022 година.

Јавниот обвинител на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани кажа дека сега сите седници се јавни во судовите, а дека имало само една расправа.

Член на Советот како забелешка го истакна високиот процент на отфрлени кривични пријави во ОЈО Кичево, и воедно смета дека би требало да стои кои се основите за отфрлање на истите. Предложи овој податок биде додаден за наредниот извештај за 2023 година.

Член на Советот го пофали извештајот, кажа дека истиот е содржаен прегледен и дека содржи минимални грешки, и дека е опфатено се она што е потребно за да се изготви еден ваков извештај.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека извештајот е прегледен, дека ја отсликува целовкупната работа на ВЈО Гостивар, како и на основните јавни обвинителства од ова апелационо подрачје. Смета дека јавните обвинители доволно се имаат ангажирано и дека професионално постапувале при решевањето на кривичните пријави. Воедно позитивно го оцени Годишниот извештај на ВЈО Гостивар за 2022 година.

Откако никој не се јави за дискусија ЈО на ВЈО Гостивар г-дин Фаик Арслани ја напушти седницата, по што членовите на Советот гласаа за усвојување на Годишниот

извештај на ВЈО Битола и на Основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот, ги разгледа и позитивно ги оцени Годишните извештаи на ВЈО Гостивар, ОЈО Гостивар, ОЈО Тетово, ОЈО Кичево и ОЈО Дебар за 2022 година.**

Под точката разно од дневниот ред, член на Советот ги запозна членовите на Советот со содржината на информацијата доставена до Советот од страна на МВР-Биро за јавна безбедност на РСМ, а се однесува на податоци за вкупно единаесет отфрлени кривични пријави за едно кривично дело од чл.378 од ЗКП. Смета дека примерок од информацијата треба да биде доставена до ЈОРСМ за да се изврши увид по овие предмети и да се види дали основано се отфрлени кривичните пријави.

Под истата точка од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека треба да се изврши измена на Годишниот распоред за работа на членовите на Советот, со оглед дека е избрана за Претседател на Советот и кажа дека за координатор за подрачје на ВЈО Скопје се именува г-дин Антонио Јолевски.

Предлогот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот пристигнат од страна на ОЈО Прилеп, каде Основниот јавен обвинител на ОЈО Прилеп го известува Советот дека пред Основниот суд во Прилеп се водела постапка по поднесен обвинителен акт, и дека еден од бранителите (адвокат) навел во судницата дека јавните обвинители биле поголеми криминалци од оние кои ги гони обвинителството со исклучок на еден јавен обвинител. Смета за ова треба да биде известена Адвокатската комора на РСМ.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот, дека е помината Предлог проекцијата на буџетот за 2024 година, дека лично присуствувала на состанокот во Министерството за финансии на РСМ. Воедно кажа дека дел од ставките за плати не биле разгледувани, додека во однос на останатите ставки имало некакво минимално зголемување.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи осумдесет и шестата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**